| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **48.688.600** | **62.302.100** | **14.200.000** | **14.200.000** | **32.470.089** | **38.771.424** | **4.037.884** | **4.037.884** | **0** | **0** | **87.274.483** | **107.311.408** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 495.000 | 495.000 | 220.000 | 220.000 | 87.000 | 87.000 | 1.507.396 | 1.507.396 | 0 | 0 | 2.309.396 | 2.309.396 |
| 420110 | Патување во земјата - хранарина (дневница) | 90.000 | 90.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 90.000 | 90.000 |
| 420120 | Патување во земјата - патни расходи | 60.000 | 60.000 | 130.000 | 130.000 | 67.000 | 67.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 257.000 | 257.000 |
| 420130 | Патување во земјата - сместување | 100.000 | 100.000 | 60.000 | 60.000 | 20.000 | 20.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 180.000 | 180.000 |

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

# ЗА ПРВ РЕБАЛАНС 2021 ГОД.

**Март, 2021 год.**

# Основен буџет

## Приходи

**Основниот Буџет** за 2021 год изнесува **155.007.552,00 ден**. со првиот ребаланс се зголемува за **23.050.253,00** ден, и истиот изнесува **178.057.805,00** ден.

**Вкупниот буџет** за 2021 година изнесува **394.215.906,00** ден. Со првиот ребаланс се зголемува за **47.322.320,00** ден. Истиот изнесува **441.538.226,00** ден.

- ✓ **741 114 – пренесен вишок на приходи од минати години** – Основен буџет 2021 – 0,00 ден // прв ребаланс – 23.050.253,00 ден. ( се зголемува за 23.050.253,00 ден. )

# Расходи

***Потпрограма А10 – Изборни активности и референдуми***

Планирани средства со првиот ребаланс за 2021 год се на износ од 1.100.000,00 ден. средства кои што ќе бидат исплатени кон членовите на комисиите за Локални избори.

***Потпрограма Е00– Општинска администрација***

Планирани средства со буџет 2021 се **36.900.000,00** ден, додека со ребалансот се зголемуваат за **3.260.000,00** ден. и истите изнесуваат **40.160.000,00** ден.

Измени се направени во следните потставки.

- **Надомест за годишен одмор** – 1.000.000,00 ден.
- **Водовод и канализација** - со буџетот за 2021 год. се планирани **950.000,00** ден, додека со првиот ребаланс истите изнесуваат **1.450.000,00 ден.**
- **Канцелариски материјали –** со буџетот за 2021 год се планирани 300.000,00 ден, додека со првиот ребаланс истите изнесуваат 600.000,00 ден.
- **ден.**
- Прехранбени продукти и пијалоци - со буџетот за 2021 год. се планирани **100.000,00** ден, додека со првиот ребаланс истите изнесуваат **400.000,00 ден.**
- **Поправки и сервисирање на лесни возила** ( вклучувајќи резервни делови, гуми) - во буџетот за 2021 год. се планирани 300.000 ден, додека истиот износ со првиот ребаланс се заменува со 700.000 ден.
- **Поправки и одржување на друга опрема -** во буџетот за 2021 год. се планирани 20.000 ден, додека истиот износ со првиот ребаланс се заменува со

120.000 ден.

- **Осигурување на недвижности и права** – во буџет за 2021 год. на оваа ставка се планирани 20.000 ден, додека со првиот ребаланс изнесува 50.000 ден.
- **Осигурување на моторни возила** – во буџет за 2021 год планирани се 45.000 ден, додека со првиот ребаланс износот се заменува со 75.000 ден.
- **Услуги за копирање,печатење,издавање** - во буџет за 2021 год. на оваа ставка се планирани 200.000 ден, додека со првиот ребаланс изнесува 300.000 ден.
- **Консултантски услуги** - во буџет за 2021 год. на оваа ставка се планирани 100.000 ден, додека со првиот ребаланс изнесува 300.000 ден.
- **Други договорни услуги** – во буџет за 2021 год планирани се 250.000,00 ден, додека со ребаланс истите се заменуваат со 350.000,00 ден.

- **Други оперативни расходи** - во буџет за 2021 год. на оваа ставка се планирани 550.000 ден, додека со првиот ребаланс изнесува 750.000 ден

.

***Потпрограма Ф20– Уредување на градежно земјиште***

Планирани средства со буџет 2021 се **2.000.000,00** ден, додека со првиот ребаланс се зголемуваат за **500.000** ден. и истите изнесуваат **2.500.000,00** ден., и истите измени се однесуваат за изработка на урбанистички и просторни планирања.

***Потпрограма ФА0– Уредување на градежно земјиште(капитални трошоци)***

Планирани средства со буџет 2021 се **2.500.000,00** ден, додека со првиот ребаланс се зголемуваат и истите изнесуваат **3.500.000,00** ден., и истите измени се однесуваат за надомест за одземен имот (експропријација).

***Потпрограма ФД0– Уредување на простор во рурални подрачја/капитални трошоци/***

Планирани средства со буџет 2021 се **3.500.000,00** ден, додека со првиот ребаланс се зголемуваат и истите изнесуваат **5.300.000,00** ден.

Износот на средствата од **1.800.000,00 ден** со кои е зголемен буџетот на оваа програма, се однесуваат за реконструкција и асфалтирање на општинскиот пат од кракот со регионалниот пат до мостот во с. Војшанци .

***Потпрограма ГА0 – Изградба на комерцијални објекти***

- Планирани средства со буџет 2021 се **33.723.002,00** ден, додека со првиот ребаланс се намалуваат и истите изнесуваат **31.573.700,00** ден.

***Потпрограма Ј00- Одржување на урбана опрема***

- Планирани средства со буџет 2021 се **630.000,00** ден, додека со првиот ребаланс се зголемуваат и истите изнесуваат **1.000.000,00** ден., и истите измени се однесуваат за поправки и одржување на друга опрема.

***Потпрограма Ј10- Снабдување со вода***

Планирани средства со буџет 2021 се **1.055.000,00** ден, додека со првиот ребаланс се зголемуваат и истите изнесуваат **2.430.061,00** ден., и истите измени се однесуваат за отплата на главнина на долгорочни позајмувања, односно исплата на ратата за кредит по основ на мерка МСИП/45, која што претходно се исплаќаше од програма ЈГ, а сега се извршени измени истата ќе се плаќа од Ј1.

***Потпрограма Ј4 - Јавна чистота***

Планирани средства со буџет 2021 се **1.000.000,00** ден, додека со првиот ребаланс се зголемуваат и истите изнесуваат **2.500.000,00** ден., и истите измени се однесуваат за одржување на улици,патишта,автопати.

***Потпрограма Ј70 – Одржување и користење на паркови и зеленило***

- Планирани средства со буџет 2021 се **1.000.000,00** ден, додека со првиот ребаланс се зголемуваат и истите изнесуваат **2.500.000,00** ден., и истите измени се однесуваат за одржување на зелени површини.

***Потпрограма ЈДО – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици***

За 2021 год. во буџетот на Општина Неготино се предвидени вкупно 13.643.800,00 ден. додека со првиот ребаланс истите се зголемуваат за 12.069.555,00 ден. и изнесуваат 25.713.355,00 ден. измени се направени во следните потставки

- **Изградба на улици патишта и автопати**, предвидени средства со буџет за 2021 год се 10.103.800 ден. истите се зголемуваат и изнесуваат 31.173.355,00 ден..
-

***Потпрограма ЈИ0- Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води***

Планирани средства со буџет 2021 се **3.000.000,00** ден, додека со првиот ребаланс се зголемуваат и истите изнесуваат **3.500.000,00** ден., и истите измени се однесуваат за реконструкција на пречистителни станици и колектори.

***Потпрограма ЈЛ0- Други комунални услуги/капитални расходи/)***

Планирани средства со буџет 2021 се **1.000.000,00** ден, додека со првиот ребаланс се зголемуваат и истите изнесуваат **2.000.000,00** ден., и истите измени се однесуваат за изградба и реконструкција на други објекти.

***Потпрограма Л00- Спорт и рекреација***

Планирани средства со буџет 2021 се **1.550.000,00** ден, додека со првиот ребаланс се зголемуваат и истите изнесуваат **2.050.000,00** ден., и истите измени се однесуваат за трансфери до спортски клубови.

# ***Блок дотации***

Во делот на дотациите во буџетот за 2021 год. планирани се ***209.993.627 денари ,*** додека со ребалансот се зголемуваат за **24.272.067,00** ден., и истиот износ се заменува со ***234.265.694,00 ден***.

**К1 - Локална библиотека на град Неготино** / планирано со буџет за 2021-3.860.528,00 ден, со прв ребаланс зголемување од пренесен вишок на приходи на износ од 300.000,00 ден и изнесува 4.160.528,00 ден.

**К3 – Музеј на град Неготино** / планирано со буџет за 2021 - 4.018.099,00 ден, со прв ребаланс зголемување од пренесен вишок на приходи на износ од 64.894,00 ден и изнесува 4.082.993,00 ден.

**Н2 – СОУ СВ.Кирил и Методиј** / планирано со буџет за 2021 – 49.290,.000,00 ден, со прв ребаланс зголемување од пренесен вишок на приходи на износ од 3.173.431,00 ден и изнесува 52.463.431,00 ден.

**В10 – Детска градинка** / планирано со буџет за 2021 – 26.872.000,00 ден, со прв ребаланс зголемување од пренесен вишок на приходи на износ од 733.742,00 ден и изнесува 27.605.742,00 ден.

**Н10 – ООУ Гоце Делчев** / планирано со буџет за 2021 – 61.650.000,00 ден, со прв ребаланс зголемување од пренесен вишок на приходи на износ од 10.000.000,00 ден и изнесува 71.650.000,00 ден.

- Средствата на износ од 1.000.000,00 ден. се планирани за купување на информатичка и видео опрема, набавка на таблети за наставниот кадар.
- Средствата на износ од 9.000.000,00 ден. се наменети за изградба на потпорен ѕид во дворот на училиштето и за изградба на фудбалско игралиште во склоп на училиштето.

**Н10 – ООУ Страшо Пинџур** - планирано со буџет за 2021 – 52.589.000,00 ден, со прв ребаланс зголемување од пренесен вишок на приходи на износ од 10.000.000,00 ден и изнесува 62.589.000,00 ден.

- Средства на износ од 1.000.000,00 ден се планирани за реконструкција на санитарни јазли во подрачно училиште.
- Средства на износ од 9.000.000,00 ден. се планирани за изградба и реконструкција на дел од училишната зграда –монтажна барака, поради дотрајаност и нефункционалност, што претставува приоритетен проблем.

Изработил : Марија Нацева

Контролирал :Ристе Ташев

Градоначалник на

Општина Неготино

Тони Делков

Март, 2021 год.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на општина Неготино.

бр.08-237/8
05.04.2021 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за ослободување на плаќање на надоместок за користење јавни површини и тераси**

Се објавува **Одлука за ослободување на плаќање на надоместок за користење јавни површини и тераси,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 05.04.2021 година.

Бр.09-249/7
06.04.2021 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.Весник на Р.М„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 а в.в Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на општина Неготино бр. 08-228/4 од 02.05.2018 година и Одлука за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општински јавни патиште бр. 08-170/25 од 29.04.2015 година , Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 05.04.2021 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За ослободување на плаќање на надоместок за користење на јавни површини и тераси**

Член 1

Со оваа одлука сите правни лица на територијата на општина Неготино на кои им се издадени Одобренија за користење на јавни површини и тераси пред деловните простории се ослободуваат од плаќање на надоместокот определен поединечно со Пресметка на надоместок за комунална такса.

**Оваа одлука е со важност од 01.01.2021 година до 31.12.2021 година.**

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот објавувањето во„Службен гласник на општина Неготино„.

бр.08-237/8
05.04.2021 година

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за регулирање на начинот на плаќање на водата од паралелниот систем во Неготино за 2021 година**

Се објавува **Одлука за регулирање на начинот на плаќање на водата од паралелниот систем во Неготино за 2021 година,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 05.04.2021 година.

Бр.09-249/8
06.04.2021 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ,,бр.5/2002 ) и член 79 став 1 точка 26 од Статутот на Општина Неготино (,,Сл.гласник на Општина Неготино,,бр.3/06, 2/11 и 6/11,13/20 ), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на 05.04.2021 година донесе

**О Д Л У К А**

**За регулирање на начинот на плаќање на водата од паралелниот систем во Неготино за 2021 година**

**Член 1**

СЕ ЗАДОЛЖУВА ЈКП КОМУНАЛЕЦ Неготино да склучи договор со Водостопанство ТИКВЕШ Кавадарци за користење на на вода од хидросистемот „Тиквеш“ во текот на 2021 година во количина од 450.000 метри$^3$ по цена од 4,52 денари по метар$^3$ согласно Одлуката бр.02-970/4 од 20.12. 2011 на Одборот на корисници на вода при Водостопанство ТИКВЕШ Кавадарци.

**Член 2**

ЈКП КОМУНАЛЕЦ Неготино на корисниците од паралелниот систем (правни и физички лица) да им испорачува сметки/фактури по цена од 0,25 денари месечно по метар$^2$ за дворни површини, почнувајќи од месец април заклучно со масец декември 2021 година.

За полевањето на површините со јавно зеленило во површина од 124.834 м$^2$, ЈКП КОМУНАЛЕЦ како давател на услугите да и фактурира на општина Неготино во периодот од април до октомври 2021 година месечно по 375.000,оо денари( 124.834 м$^2$ * 3 ден за 4 месеци) или вкупно 1.500.000,оо денари. Овие парични средства ЈКП КОМУНАЛЕЦ е должно да ги користи

само за плаќање на обврските спрема Водостопанство ТИКВЕШ Кавадарци за користење на вода од паралелниот систем во текот на 2021 година.

**Член 3**

Ова одлука стапува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Неготино,,.

бр.08-237/10
05.04.2021 година

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за донесување на ДУП за УЗ 4, за дел од блок 2, општина Неготино**

Се објавува **Одлука за донесување на ДУП за УЗ 4, за дел од блок 2, општина Неготино ,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 05.04.2021 година.

Бр.09-249/9
06.04.2021 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 22 и 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ број, 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 93 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ број, 32/20), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 05.04.2021 година, донесе,

# **О Д Л У К А**

*за донесување на Детален Урбанистички План за УЗ 4, за дел од блок 2, општина Неготино*

Член 1

*Се донесува Детален Урбанистички План за Урбана Заедница 4 за дел од УБ 4..3 (УЕ 4 дел од Блок 14) плански опфат меѓу ул. „Илинденска“, ул.„Вељко Влаховиќ“ и ул.„Кирил и Методиј“ општина Неготино, според урбанистичка документација изработена од „Простор“ ДОО Куманово со технички број 22/15 од Декември 2020 година.*

Член 2

*Детален урбанистички план од член 1 на оваа Одлука содржи:*

*-текстуално образложение;*

*-графички прилози според законските одредби;*

*-одредби за реализација на урбанистичка документација;*

*-извештај од извршена стручна ревизија изготвена од „ИН-ПУМА“ –Скопје, со тех.број 49/2015 од август 2015година*

*-Согласност број 24-1945/1 од 04.03.2021 година од Министерство за транспорт и врски*

Член 3

Ова одлука стапува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Неготино“.

бр.08-237/11
05.04.2021 година

Совет на Општина Неготино
Претседател
Диме Витанов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решение за доделување на средства за проекти на здруженија на граѓани и фондации – по јавен повик**

Се објавува **Решение за доделување на средства за проекти на здруженија на граѓани и фондации – по јавен повик ,** што Советот на општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден 05.04.2021 година.

Бр.09-249/10
06.04.2021 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино (Сл.Гласник на Општина Неготино бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 05.04.2021 година го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е
## за финансирање на проекти на здуженија и фондации по јавен повик бр. 13-132/1, објавен на 10/02/2021 год

### Член 1

На здруженијата/фондации од Општина Неготино кои се јавиле на јавниот повик и притоа доставиле комплетна документација и проекти кои се од интерес на општината, се доделуваат следните финансиски средства:

| Здружение/фондација | | Доделени средства *(во денари)* |
|---|---|---|
| **1.** | Здружение за унапредување на спортски и културни манифестации “СПО-КУЛ” - Неготино<br>**ПРОЕКТ: Реставрација на дел од постоечката вештачка карпа во СРЦ “Младост”** | **20.000,оо** |
| **2.** | Здружение на граѓани за психолошко советување и едукација “ПЕРСОНА 2020” - Неготино<br>**ПРОЕКТ:**<br>**“Спознај го твоето внатрешно дете”** | **20.000,оо** |
| **3.** | Здружение Стрелачки клуб “МАРШАЛ” - Неготино<br>**ПРОЕКТ: “Развој на спортот во Република Македонија преку спортското стрелаштво”** | **20.000,оо** |
| **4.** | Здружение на граѓани “ЦЕНТАР ЗА РЕГИОНАЛЕН ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ” – | **20.000,оо** |

| | | |
|---|---|---|
| | Неготино<br>**ПРОЕКТ: "РЕЦИКЛИРАЈ"** | |
| **5.** | Црвен крст на Република С.Македонија – Општинска организација Неготино<br>**ПРОЕКТ:**<br>**"Прими љубов и подади рака"** | **20.000,оо** |
| **6.** | Здружение на граѓани<br>Ловечко друштво "ВАРДАР" – Неготино | **10.000,оо** |
| **7.** | Здружение на граѓани<br>Планинарско друштво "ФРИ ХАЈКЕРС" – Неготино | **10.000,оо** |
| **8.** | Здружение на граѓани<br>Центар за помош на лица со ментален хендикеп "ПОРАКА"<br>**ПРОЕКТ:**<br>**"Зајакнување на капацитетите на дневен центар"** | **40.000,оо** |
| **9.** | Здружение на граѓани<br>"ЕКОВИТА" - Неготино<br>**ПРОЕКТ:**<br>**"Ублажување на ефектот на урбани топлински острови"** | **40.000,оо** |
| | **ВКУПНО** | **200.000,оо** |

**Член 2**

Ова решение влегува во сила со денот објавувањето во "Службен Гласник на Општина Неготино"

бр.08-237/12
05.04.2021 година

Совет на Општина Неготино
Претседател,
Диме Витанов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2022 година на ООУ „Гоце Делчев“ Неготино**

Се објавува **Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2022 година на ООУ „Гоце Делчев“ Неготино,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 05.04.2021 година.

Бр.09-249/11
06.04.2021 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 20-б став 2 точка 15 од Законот вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ„ бр.27/2014, 199/2014 и 27/2016) и член 79 став 1 точка 31 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 05.04.2021 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За давање на согласност на Годишниот план за вработување за 2022 година на ООУ ,,Гоце Делчев,, Неготино**

Член 1

СЕ ДАВА согласност на Годишниот план за вработување за 2022 година на ООУ ,,Гоце Делчев,, Неготино со бр.01-85/4 од 26.03.2021 година.

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „ Службен гласник на општина Неготино„.

бр.08-237/13

05.04.2021 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Заклучок за усвојување на Финансов извештај за 2020 година на ЈКП Комуналец Неготино**

Се објавува **Заклучок за усвојување на Финансов извештај за 2020 година на ЈКП Комуналец Неготино ,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 05.04.2021 година.

Бр.09-249/12
06.04.2021 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 33 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2.201, 9/2011, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 05.04.2021 година го усвои следниот

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на општина Неготино го усвои Финансовиот извештај по завршната сметка на ЈКП Комуналец Неготино за 2020 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „ Службен гласник на општина Неготино„.

бр.08-237/14
05.04.2021 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување Решение за доделување на финансиски средства**

Се објавува **Решение за доделување на финансиски средства ,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 05.04.2021 година.

Бр.09-249/13
06.04.2021 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02), , член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Негитоно („Сл.гласник на општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11 и 16/12, 13/20 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на 05.04.2021 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За доделување на финансиски средства**

**Член 1**

Се доделуваат финансиски средства во висина од :

- 30.000,оо денари на Здружението на граѓани „ ВАРДАРЛИ ТЕК“ од с.Криволак , Неготино

**Член 2**

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Неготино.

бр.08-237/15
05.04.2021 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување Решение за доделување на еднократна парична помош**

Се објавува **Решение за доделување на еднократна парична помош** , што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 05.04.2021 година.

Бр.09-249/14
06.04.2021 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02), , член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Негитоно („Сл.весник на РМ“ бр. 3/06, 2/11, 9/11 и 16/12, 13/20), Советот на општина Неготино на седницата одржана на 05.04.2021 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За доделување на еднократна парична помош**

**Член 1**

Се доделува еднократна парична помош на следните лица :

- Верка Ставровска од Неготино износ од 3.000,оо денари
- Славчо Јосиовски од с.Дуброво , Неготино износ од 15.000,оо денари
- Зоран Темелков од Неготино износ од 30.000,оо денари
- Соколовиќ Зоран од Неготино износ од 5.000,оо денари
- Ничкова Јасминка од Неготино износ од 8.000,оо денари
- Шабанов Сејхан од с.Криволак , Неготино износ од 3.000,оо денари
- Ванчо Ристов од с.Криволак , Неготино износ од 5.000,оо денари
- Соколовиќ Биргуљ од с.Црвени Брегови , Неготино од 20.000,оо денари
- Драган Јованов од с.Долни Дисан , Неготино износ од 4.000,оо денари
- Атанас Панов од Неготино износ од 5.000,оо денари

**Член 2**

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во службен гласник на општина Неготино.

бр.08-237/16
05.04.2021 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов** **с.р.**

**СОДРЖИНА**
**СЛУЖБЕН ГЛАСНИК 8/2021**


1. **Заклучок за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за локален економски развој на општина Неготино за 2021 година**
2. **Програма за изменување и дополнување на Програмата за локален економски развој на општина Неготино за 2021 година**
3. **Заклучок за објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програма за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2021 година**
4. **Програма за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2021 година**
5. **Заклучок за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за култура , спорт и соработка со здруженија и фондации**
6. **Програма за изменување и дополнување на Програмата за култура , спорт и соработка со здруженија и фондации**
7. **Заклучок за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на општина Неготино**
8. **Програмата за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на општина Неготино**
9. **Заклучок за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на буџетот на општина Неготино за 2021 година**
10. **Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на буџетот на општина Неготино за 2021 година**
11. **Заклучок за објавување на Измени и дополнувања на буџетот на општина Неготино за 2021 (Ребаланс)**
12. **Измени и дополнувања на буџетот на општина Неготино за 2021 (Ребаланс)**
13. **Заклучок за објавување на Одлука за ослободување на плаќање на надоместок за користење на јавни површини и тераси**
14. **Одлука за ослободување на плаќање на надоместок за користење на јавни површини и тераси**
15. **Заклучок за објавување на Одлука за регулирање на начинот на плаќање на водата од паралелниот систем во општина Неготино за 2021 година**

**16. Одлука за регулирање на начинот на плаќање на водата од паралелниот систем во општина Неготино за 2021 година**
**17. Заклучок за објавување на Одлука за донесување на ДУП за УЗ 4, за дел од блок 2, општина Неготино**
**18. Одлука за донесување на ДУП за УЗ 4, за дел од блок 2, општина Неготино**
**19. Заклучок за објавување на Решение за доделување на средства за проекти на здруженија на граѓани и фондации – по јавен повик**
**20. Решение за доделување на средства за проекти на здруженија на граѓани и фондации – по јавен повик**
**21. Заклучок за објавување на Решение за давање на согласност на Годишниот план за вработување за 2022 година на ООУ „Гоце Делчев“ Неготино**
**22. Решение за давање на согласност на Годишниот план за вработување за 2022 година на ООУ „Гоце Делчев“ Неготино**
**23. Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Финансов извештај за 2020 година на ЈКП Комуналец Неготино**
**24. Заклучок за усвојување на Финансов извештај за 2020 година на ЈКП Комуналец Неготино**
**25. Заклучок за објавување на Решение за доделување на финансиски средства**
**26. Решение за доделување на финансиски средства**
**27. Заклучок за објавување на Решение за доделување на еднократна парична помош**
**28. Решение за доделување на еднократна парична помош**